Друштво за туризам,угостителство,
рекреација и спорт
СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА
ДООЕЛ
Shoqëria e turizmit,hotelierisë,
rekreacionit dhe sportit
QENDRA E SKIJIMIT KODRA E DIELLIT
SHPKNJP
Бр./Nr. 05 - 281/2
10.06.2026 год/viti
ТЕТОВО ТЕТОVË

SKI CENTER
ПОПОВА ШАПКА
KODRA E DIELLIT

ПОКАНА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО,РЕКРЕАЦИЈА И СПОРТ СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ-ТЕТОВО (05-281/2 од 10.06.2026)

Тетово,Јуни, 2026

Почитувани,

Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово**, со адреса на купувачот : Ул. ,, Мурат Бафтијари "бб. 1200 Тетово , со контакт тел.:+389(0)44 330 464 и емаил: info@popovashapka.com.mk ,има потреба од набавка на :

- **Електронски систем за читање на ски билети и замена на нови триподи на ски лифтови и жичари и одржување за потребите на Ски Центар Попова Шапка Дооел Тетово**

  За таа цел, СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ-Тетово (во понатамошниот текст - Набавувач) спроведува постапка за доделување на договор за набавка на горенаведените стоки, со Оглас кој е поставен во делот ,, Набавки „ на страницата **www. popovashapka.com.mk**

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведената набавка за доделување на договор за набавка, најдоцна **до 16.06.2026 година до 15 часот** (по локално време) по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на **СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА** Тетово **.**

Исто така, Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата и истата може да ја преземете во делот за Набавки од страницата **www.popovashapka.com.mk**, да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите на архивата во **СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА** - Тетово .

Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите;
- технички спецификации;
- образец на понудата;
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

Однапред Ви благодариме на соработката.

Место и датум

Тетово, 10.06.2026 година

Изготвил

Феријахе Вељија

Одговорно лице

ABDULGANI ALIJI

Инструкции за понудувачите

1. Корисник на услугите (во понатамошниот текст ,, Набавувач **")**

1. Набавувачот на услуги е Друштвото за Туризам Угостителсво Рекреација и Спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово :

- Ул. ,, Мурат Бафтијари бр.бб , 1200 Тетово
- тел.:+389 (0) 44 330 464
- www.popovashapka.com.mk
- е-маил: info@popovashapka.com.mk
- Контакт лице : Тахир Ибраими моб. 070/321-741

2.Предмет на Договорот за набавка

2.1. Предмет на договорот за набавка е набавка за **Електронски систем за читање на ски билети и замена на нови триподи на ски лифтови и жичари и одржување**, согласно со Планот за набавки за 2026 година на **СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА** Тетово.

2.2.Предметот на договорот **не е деллив** по позиции, како што е дефинирано во техничката спецификација.

3. Начин на испорака

3.1.Носителот на набавката е должен предметот на Договорот да го испорача на следниов начин:
-по претходна писмена или усмена нарачка од страна на Набавувачот, веднаш или во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на писмената или усмената нарачка , во зависност од потребите и условите кои ги дефинира тековното работење.

4. Разлики во цена (корекција на цени)

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолни понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за набавка.

5. Рок на испорака

5.1.Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на Договорот сукцесивно, зависност од потребите на Набавувачот „Франко магацин" СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА и соглас начинот на испораката **(точка 3),** веднаш или во рок од 1 (еден) ден од денот на писмената и усмената нарачка.

6. Начин на плаќање

6.1.Начинот на плаќање е вирмански, **во рок од 30 дена,** од денот на пристигнувањето на фактурата кај Набавувачот.

7. Право на учество

7.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - Понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

8. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на Договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

8.1. Лична состојба

- во последните 5 (пет) години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и Договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара Набавувачот.

8.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот задолжително треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

- Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојба и Доказ за регистрирана дејност (ДРД – образец).
- Понудувачите може да достават ,,Референтна листа" и други докази со кои ја потврдуваат способноста за вршење на професионалната дејност.
- Комисијата за набавки во текот на спроведување на постапката за евалуација има право да побара примероци од понудувачите за утврдување на квалитетот на артиклите, како и да ги посети понудувачите со намера да ја утврди нивната способност за вршење на професионалната дејност.

9. Начин на докажување на способноста на понудувачот

9.1.Комисијата за набавки, доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот, го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба.

9.2.Понудувачот за докажување на својата лична и професионална состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната и професионалната состојба, која е дадена во прилог на оваа Покана за прибирање на понуди. Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.

10. Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди

10.1. Носителот на набавката може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Набавувачот, по телефон, во електронска форма или во писмена форма, најдоцна до 3 (три) дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
10.2.Појаснувањето Набавувачот ќе го достави до сите понудувачи што добиле или подигнале Покана за прибирање на понуди, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
10.3. Набавувачот може по потреба, да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка, најдоцна до 3 (три) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.

11. Изготвување и поднесување на понудите

11.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за прибирање на понуди, со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот освен спецификацијата која е составен дел на Поканата за прибирање на понуди,може дополнително да достави своја форма на понудени артикли доколку некои од артиклите не се ставени во техничките спецификации.

Комисијата може да ја земе во предвид дополнетата спецификацијадоколку смета дека има потреба за набавка на таквите производи или истата да ја отфрли.

11.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Информации за понудувачот;
- Техничка понуда;
- Финансиска Понуда;

- Рок за испорака;
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

11.3. Цена и Период на важност на понудата

- Понудувачот во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената. Рокот на испорака го дефинира во понудата.
- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека Договорот ќе биде извршен, набавувачот од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма, кои се причините за таквата цена во рок од 3 (три) дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.
- Цената на понудата се изразува во денари.
- Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

12. Краен рок и место за поднесување на понудите

12.1. Краен рок за поднесување на понудите е **16.06.2026 година** до **15:00 часот**. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.
12.2.Понудите се поднесуваат во архивата на СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА -Тетово, или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса и поштенски фах.

13. Евалуација на понудите

13.1. Комисијата за набавки ќе пристапи кон отварање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

14. Критериум за доделување на Договорот

14.1. Критериуми за доделување на Договорот за набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена, чија понуда претходно е оценета како прифатливапонуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.

14.2.Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

14.3.Прифатливата понуда покрај најниска цена како основен критериум за доделување на договор, мора да ги задоволи и обезбеди потребниот степен на квалитет на услугите, време на извршување на услугите во однос на предметот на набавка за потребите на СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА -Тетово

15.Доделување на договорот за набавка

15.1. Корисникот на услугата за набавка – Набавувачот на услуги, по спроведената евалуација на понудите, како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди,Договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има најниска ценаи ги исполнува условите за прифатлива понуда.
15.2. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена,за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

16. Известување за доделување на договорот за набавка

16.1.По завршувањето на изборот на носителот на набавката, Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

17. Завршување на постапката за доделување на договор за набавка

17.1.Постапката за доделување на договор за набавка завршува на денот на потпишување на договорот за набавка од двете договорни страни или со поништување на постапката.

КОМИСИЈА ЗА НАБАВКИ
Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт
СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА- Тетово

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на Огласот со **бр. 05-281/2 од 10.06.2026,** објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА , за доделување на договор, за набавка на стоки за потребите на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА, со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: _____
I.2. Контакт информации:_____
- Адреса: _____
- Телефон:_____
- Факс:_____
- Е-пошта: _____
- Лице за контакт:_____

I.3. Одговорно лице: _____
I.4. Даночен број: _____
I.5. Матичен број: _____

Дел II – Техничка понуда

Согласни сме да ги прифатиме условите, начинот и рокот на испорака утврдени во повикот.

Дел III – Финансиска понуда

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени е доставена во прилог на Понудата.

- **Цената** на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува _____ денари
- ДДВ, изнесува _____ денари
- Вкупната вредност на понудата со вклучен ДДВ изнесува _____ денари.

Нашата понуда важи за периодот утврден во Поканата за прибирање на понуди и се согласуваме со условите и начинот на плаќање утврден во неа.

Дел IV – Рок на испорака

Место и датум **Одговорно лице**

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

Систем за контрола на пристап со Tripod уреди, локален сервер, централизирано управување, електронска идентификација и management систем

- **1.0** - Систем за контрола на пристап со механички tripod уреди, наменет за употреба во контролирани влезни точки и локации каде што е потребна автоматизирана проверка на кориснички идентитет преку електронска идентификација.

  Системот овозможува контролиран премин на корисници преку механички tripod механизам, при што секој пристап се одобрува или одбива врз основа на статусот на картичката, билетот, QR кодот, електронската идентификација, Face ID проверката или друг дефиниран метод на валидација, согласно избраната конфигурација од страна на инвеститорот.

- **1.1** - Tripod уредите се предвидени за групна или индивидуална работа, при што секој уред или група на уреди може да функционира независно од останатите делови на системот. Во случај на прекин на комуникација, дефект, мрежна недостапност или сервисна интервенција на еден уред или една група, останатите уреди продолжуваат со нормална работа без прекин на функционалноста.

- **1.2** - Метално куќиште изработено од ладновалан карбонски лим (carbon steel), со можност по нарачка да биде изработено и од поцинкуван лим (galvanized steel) или INOX (stainless steel), во зависност од барањата на инвеститорот, условите на монтажа и степенот на изложеност на атмосферски влијанија.

  Куќиштето е прецизно CNC обработено со fiber laser и виткано на електро-хидраулична прецизна CNC преса, со цел обезбедување висока геометриска точност, стабилност на конструкцијата, повторлив квалитет на изработка и долг работен век при интензивна употреба.

- **1.3** - Надворешната површина на уредот е електростатско фарбано, со можност за избор на боја од широк спектар според RAL системот, согласно визуелниот идентитет или барањата на инвеститорот.

- **1.4** - По потреба, системот може да биде дополнет со внатрешна термичка заштита, грејачи, антикондезациски елементи или дополнителна изолација, согласно микролокацијата на монтажа и климатските услови.

- **1.5** - Tripod механизмот е изработен за интензивна и континуирана работа, со механичка конструкција погодна за голем број дневни премини и брзо процесирање на корисници во периоди со голема фреквенција.

  Механизмот овозможува контролирано ослободување на ротирачката рака само по успешна валидација на пристап, со можност за автоматско заклучување при невалидна картичка, истечен билет, блокиран корисник, грешка во системот или активиран безбедносен режим.

- **1.6** - Погонските и контролни електронски компоненти работат на безбедносен напон од 24 V DC, со што се минимизира ризикот од електричен удар, електрично истекување и повреди на корисници, оператори и сервисен персонал.

Напојувањето се обезбедува преку трансформатор 230 V AC / 24 V DC, со соодветна електрична заштита, осигурувачи и заштитни елементи, со можност за интеграција на резервно напојување или UPS систем за одржување на основна функционалност при прекин на електрична енергија.

- **1.7** - RGB LED осветлување со повеќе различни колорни режими, со можност за рачно и автоматско управување во зависност од статусот на уредот, вклучувајќи дозволен пристап, забранет пристап, standby режим, offline режим, сервисен режим, предупредување, грешка или специјален оперативен режим.

  Дополнително може да се интегрираат адресибилни LED модули, со можност за програмирање на светлосни анимации, динамични ефекти и визуелни сценарија, кои можат да се активираат според состојба на системот, тип на билет, корисничка категорија или дефинирани правила од страна на операторот.

- **1.8** - Вграден звучен систем со гласовни инструкции, конфигуриран да репродуцира претходно снимени аудио пораки во зависност од различни настани, како успешна валидација, невалидна картичка, истечена карта, блокирана картичка, погрешен QR код, недоволна дозвола за пристап, сервисен режим или други оперативни состојби.

  Системот овозможува лесно додавање, ажурирање и персонализација на аудио пораки, вклучително и различни гласовни профили, повеќе јазици и различни аудио сценарија, согласно потребите.

- **1.9** - Опционално, во уредот може да биде интегриран дисплеј, комерцијален или индустриски тип, наменет за прикажување на информации кон корисникот во реално време.

  Дисплејот може да прикажува статус на пристап, тип на билет, преостанато време на важност, порака за добредојде, известување за грешка, сервисна порака, информации за работно време, насоки за користење, промотивни известувања или други текстуални и графички информации, со можност за ажурирање преку локален сервер, cloud сервер или административен панел.

- **1.10** - Надворешен читач за бесконтактни RFID картички од 125 kHz, наменет за дневни, полудневни, повеќедневни, сезонски, VIP, службени и други типови на кориснички карти.

  Читачот овозможува идентификација на картичката, проверка на нејзиниот статус, валидација на временската важност, проверка на дозволени зони и автоматско евидентирање на секој обид за пристап со виртуелен временски печат.

- **1.11** - Опционално, системот може да поддржува MIFARE Classic 13.56 MHz бесконтактни картички, во зависност од изборот на инвеститорот и потребното ниво на компатибилност со постоечки или нов систем за карти.

  MIFARE Classic поддршката овозможува користење на високофреквентни картички со можност за читање и/или запишување податоци, дефинирање на сектори, идентификација на корисници и интеграција со ticketing или access-control системи.

- **1.12** - Опционално, системот може да поддржува MIFARE DESFire бесконтактни картички, како напредна варијанта за повисоко ниво на безбедност, криптографска заштита и посигурна идентификација на корисници.

- **1.13** - системот може да биде опремен со barcode и QR код читач, со поддршка за 1D и 2D кодови, вклучувајќи Code 39, Code 93, Code 128, PDF417, Data Matrix и стандард QR кодови.

QR читачот овозможува читање од печатени билети, термална хартија, пластични картички или директно од екран на мобилен телефон, со можност за интеграција со online ticket sales платформа, web апликација или мобилна апликација.

- **1.14 -** Опционално, системот може да поддржува NFC / mobile access идентификација, при што корисникот може да го користи својот мобилен телефон како електронска карта, согласно техничката конфигурација на мобилната апликација, оперативниот систем и дозволените безбедносни политики.

- **1.15 -** Опционално, може да биде интегриран Face ID / facial recognition систем, наменет за дополнителна проверка на идентитетот на корисникот, особено кај сезонски карти, персонализирани пропусници, VIP корисници или случаи каде што е потребно спречување на користење на една карта од повеќе лица.

  Face ID модулот може да работи како самостојна валидација или како дополнителна проверка по RFID, QR или NFC идентификација, при што системот споредува фотографија или биометриски шаблон со регистриран кориснички профил, согласно избраната конфигурација и важечките правила за заштита на лични податоци.

- **1.16 -** zone-based & Anti-passback логика, наменета за спречување неправилна употреба на картички и билети, вклучувајќи користење на една иста карта од повеќе лица во краток временски интервал или повторно користење без исполнување на дефинираните услови.

  Системот може да биде конфигуриран со правила како: „едно користење во дефиниран временски период", „еден активен премин", „забрана за повторен пристап во одреден интервал" или други логички сценарија, согласно оперативните правила.

- **1.17 -** Системот поддржува повеќе типови на ski pass карти и билети и други типови на временски или функционално ограничени дозволи.

  За секој тип на билет може да се дефинира временска важност, датум на активација, датум на истекување, дозволени локации, дозволен број на премини, временски интервали на користење, корисничка категорија и дополнителни правила за пристап.

- **1.18 -** Управување со сезонски корисници, со можност за додавање, уредување и администрирање на сезонски карти, дефинирање на период на важност, автоматска активација, деактивација, продолжување на важност, промена на картичка и евиденција на целокупна историја на користење.

  Дополнително, системот овозможува регистрација на корисник со фотографија, лични податоци, број на картичка, тип на членство, категорија, датум на издавање, датум на истекување и други информации потребни за контрола и администрација.

- **1.19 -** Card blocking систем со можност за блокирање, деблокирање, суспензија или привремено ограничување на картички, QR билети, сезонски пропусници или кориснички профили.

  Блокирањето може да се изврши рачно од овластен оператор или автоматски врз основа на дефинирани правила, како истечена важност, пријавена изгубена картичка, сомнителна активност, обид за злоупотреба, повеќекратно одбивање или прекршување на anti-passback логиката.

- **1.20 -** Административен панел, наменет за управување со уреди, корисници, карти, билети, оператори, пристапни права, системски параметри, извештаи и оперативни состојби.

Административниот панел овозможува пристап преку компјутер, таблет или друг уред со web browser, со корисничка автентикација и различни нивоа на дозволи согласно улогата на корисникот.

- **1.21 -** Креирање и управување со повеќе кориснички улоги и пристапни права, со различни нивоа на пристап и дозволи, како оператор, супервизор, администратор, технички персонал, финансиски корисник, контролор или друг профил дефиниран од инвеститорот.

  Секој корисник располага со индивидуален профил, а сите активности се евидентираат со временски печат, вклучувајќи најава, одјава, промена на податоци, издавање билет, блокирање картичка, промена на конфигурација или друга административна активност.

- **1.22 -** Real-time monitoring систем за следење на состојбата на сите tripod уреди, групи на уреди и пристапни точки, со приказ на online/offline статус, последна комуникација, последна активност, број на премини, системски грешки, аларми, статус на читачи, статус на контролери и оперативен режим.

  Мониторинг интерфејсот овозможува брза идентификација на уред кој не комуницира, уред во сервисен режим, уред со грешка, уред со прекинато напојување или уред со нестабилна мрежна врска.

- **1.23 -** Секој уред локално ги евидентира настаните и пристапите со виртуелен временски печат, при што податоците може да се складираат локално на уредот, на локален сервер или да се синхронизираат со cloud сервер, согласно конфигурацијата на системот.

  Евиденцијата може да вклучува ID на картичка, тип на билет, корисник, локација, уред, време на пристап, статус на пристап, причина за одбивање, операторска интервенција и други системски информации.

- **1.24 -** Локален серверски режим на работа, при кој системот функционира целосно автономно и без присуство на интернет мрежа, со локално процесирање, складирање и управување со податоци.

  Во овој режим, сите проверки на карти, корисници, билети, anti-passback правила, блок листи и системски дозволи се обработуваат локално, со цел непрекинато функционирање на ски центарот и во услови на недостапна интернет конекција.

- **1.25 -** Опционално, системот може да биде поврзан со cloud сервер со реално-временска или периодична синхронизација на податоци.

  Во случај на привремена недостапност на интернет мрежата, системот продолжува да работи автономно преку локалниот сервер или локалната меморија на уредите, а по повторно воспоставување на интернет конекцијата, сите податоци автоматски се синхронизираат со cloud серверот.

- **1.26 -** Системот поддржува повеќе режими на работа, во зависност од барањата на клиентот:

  1. Standalone / serverless режим – автономно функционирање на поединечен уред без потреба од локална или cloud серверска инфраструктура.
  2. Поврзување со локален сервер – уредите работат преку локална мрежа, со локално процесирање и складирање на податоци.
  3. Локал + remote режим – поврзување со локален сервер со синхронизација кон cloud сервер, при што системот продолжува да работи и при прекин на интернет.

4. Директно поврзување со cloud сервер – уредите работат преку интернет мрежа со централизирано управување и обработка на податоци.

- **1.27 -** Аналитички и статистички модул, наменет за преглед на користење на системот, број на премини, број на корисници по тип на билет, број на сезонски корисници, најфреквентни периоди, најкористени пристапни точки, одбиени пристапи, блокирани карти и други оперативни показатели.

  Извештаите може да се филтрираат по датум, временски период, уред, група на уреди, тип на билет, оператор, корисничка категорија или локација, со можност за export во PDF, Excel или друг формат согласно барањата на инвеститорот.

- **1.28 -** Remote diagnostics модул, со можност за далечинска проверка на статусот на уредот, комуникациската врска, напојувањето, контролерот, читачите, дисплејот, звучниот систем, LED модулите и другите поврзани компоненти.

  Овој модул овозможува побрза техничка интервенција, превентивно одржување и намалување на времето потребно за детекција на дефект или неправилна работа.

- **1.29 -** Remote firmware/software update функција, со можност за ажурирање на софтверот на контролерите, серверската апликација, административниот панел или други системски компоненти, локално или преку remote пристап, согласно избраната инфраструктура.

  Ажурирањето може да се изведува поединечно по уред, по група на уреди или централизирано, со можност за контрола на верзија, логирање на извршен update и враќање на претходна стабилна конфигурација доколку е потребно.

- **1.30 -** Опционално, системот може да биде поврзан со мобилна апликација, наменета за корисници, оператори или администрација, во зависност од избраната функционалност.

  Мобилната апликација може да овозможува приказ на дигитален билет, QR код, NFC пристап, известувања, статус на сезонска карта, историја на користење, online купување или продолжување на важност, како и операторски функции за проверка, контрола или технички преглед.

- **1.31 -** Системот овозможува автоматизација на работа според распоред, со можност за активирање или деактивирање на уреди, групи на уреди, правила за пристап, типови на карти или специјални режими според работно време, денови во неделата, празници, сезонски периоди или специјални настани.

  Овластен оператор може рачно да изврши override на автоматскиот режим, при што секоја интервенција се евидентира со идентификација на операторот и временски печат.

- **1.32 -** Системот овозможува детална историја на користење за секој корисник, билет, картичка или уред, со можност за пребарување по ID број, име и презиме, број на картичка, тип на билет, датум, локација или статус на пристап.

  Историјата може да се користи за техничка анализа, контрола на злоупотреби, проверка на рекламации, статистички извештаи, финансиска анализа или оперативно планирање.

Систем за контрола на пристап со Tripod за електронска идентификација	**Ед.**	**количина**	**Цена**	**Износ**
Механички tripod уред, изработен од carbon steel со електростатско RAL фарбање, со интегриран RFID 125 kHz LF читач,Звучна сигнализација, RGB лед, RJ45 мрежна конекција, сензорска ротациона контрола и електронски access-control систем.	парче	15		
Монтажа и фиксирање на уредите на бетонска подлога, со вклучени до 10 m UTP кабел по уред. Во цената не е вклучено копање на бетон, канал или поставување на подземна инфраструктура и заштитни црева за каблирање. За функционирање на системот потребно е обезбедување на Ethernet gigabit switch и мрежна конекција до локацијата на уредите.	парче	15		
Facial Recognition модул за биометриска идентификација и верификација на корисници	парче	4		
Административен software management систем за локално и remote управување, monitoring и конфигурација на инфраструктурата, со можност за управување со корисници, картички, билети, оператори tripod уреди преку локален сервер или административен интерфејс.	парче	1		
Инсталација, конфигурација и пуштање во работа на локален сервер за management, monitoring и администрација на access-control системот	парче	1		
Вкупно Трипод систем :				

Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

И З Ј А В А

Под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека понудувачот _____,во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата и условите наведени во Поканата за прибирање на понуди/Огласот за доделување на договор, со бр. **05-281/2** од **10.06.2026** година за набавка на **Електронски систем за читање на ски билети и замена на нови триподи на ски лифтови и жичари и одржување,** објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА Тетово и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми,кои доколку не се доставени со Понудата , ќе му бидат доставени на Корисникот на услугата доколку нашата понуда ќе биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

Место и датум **Одговорно лице**

(потпис)

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице